УЖП.бр.245/2010

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врховен суд на Република Македонија 2 Скопје

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Киро Здравев - претседател на советот, Дане Илиев и Владимир Атанасов - членови на советот, одлучувајќи по жалбата на тужителот Т-Мобиле Македонија АД за мобилни комуникации Скопје, против пресудата на Управниот суд Скопје У.бр.990/09 од 10.12.2009 година, за утврдување на злоупотреба на доминантна позиција на пазарот, на седницата одржана на ден 05.07.2010 година, донесе:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
СКОПЈЕ

Примено: 20.09.2010

| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 08 | 102/4 | | |


## ПРЕСУДА

*Жалбата на тужителот, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.*

Пресудата на Управниот суд Скопје У.бр.990/09 од 10.12.2009 година, СЕ ПОТВРДУВА.

## Образложение

Управниот суд Скопје со пресуда У.бр.990/09 од 10.12.2009 година, ја одбил како неоснована тужбата на тужителот, против решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Скопје бр.07-6/2 од 26.01.2009 година.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужителот, поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи и одлучи во корист на тужителот.

Тужениот орган не поднесе одговор на жалба.

Врховниот суд на Република Македонија, по проучување на списите по предметот, наводите во жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парничната постапка, најде:

Жалбата е неоснована.

Во управната постапка, Комисијата за заштита на конкуренцијата Скопје, постапувајќи по напатствијата дадени во пресуда на Управниот суд У.бр.4829/07 од 09.10.2008 година, донела решение бр.07-6/2 од

26.01.2009 година, со кое на страна на мобилниот оператор Т-Мобиле Македонија била утврдена злоупотреба на доминантната позиција на пазарот на завршување на повик во јавната мобилна комуникациска мрежа во сопственост на Т-Мобиле Македонија, на начин што тарифирањето за повикувач кон претплатник на Т-Мобиле Македонија, кој ја има активирано услугата „говорно сандаче“ започнува од моментот на отворање на говорното сандаче, при што говорната порака за најава на дел од сервисот и е предмет на интервалот кој се тарифира и како такво согласно членот 14 став 2 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата е забрането. Комисијата утврдила дека говорната порака за најава на услугата „говорно сандаче“, е дел од сервисот и е предмет на интервалот кој се тарифира, па повикувачот нема можност да избере дали сака да ја користи услугата, која ќе му биде тарифирана или пак не сака да остави говорна порака и да не биде тарифиран. На овој начин на страна на повикувачот настануваат трошоци, а тој не бил предупреден дека ќе биде тарифиран и покрај недостапноста на повиканиот број. Оттука, произлегува дека ваквто однесување на операторот Т-Мобиле претставува директно наметнување на нефер продажни цени, што е спротивно на членот 14 став 2 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Управниот суд, со побиваната пресуда оценил дека Комисијата за заштита на конкуренција, врз основа на правилно утврдените релеванти факти потребни за одлучување, правилно ги применила одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, кога го донела оспореното решение.

По мислење на Врховниот суд на Република Македонија, побиваната пресуда е правилна и законита.

Имено, во постапката, било утврдено дека Т-Мобиле е мобилен оператор, со значителна пазарна моќ на релевантните пазари, кој со своето однесување ја злоупотребува доминантната позиција, во смисла на спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата. Правилна е констатацијата на органот, прифатена и од Управниот суд дека мобилниот оператор Т-Мобиле, го прекршил Законот за заштита на конкуренцијата нудејќи ја услугата „говорно сандаче“, на начин што не оставил бесплатен простор на повикувачите да одлучат дали на претплатникот, кон кого е насочен повикот, ќе му оставаат порака, доколку на мобилниот телефон ја вклучил услугата „говорно сандаче“, па тарифирањето да почне дури откако операторот ќе извести дека е вклучена услугата. Ваквото однесување претставува директно наметнување нефер продажни цени, со што се нарушува ефикасната конкуренција на релевантниот пазар.

Неосновани се жалбените наводи на тужителот дека во случајот предметната услуга погрешно е подведена под големопродажни услуги, бидејќи истата претставува малопродажна дополнителна услуга, а опишаното тарифирање на услугата „говорно сандаче“ не претставува злоупотреба на доминантната позиција, што е видно од доказите приложени кон списите на предметот за начинот на функционирање на

услугата во рамките на западноевропските оператори, а кои докази воопшто не биле ценети од страна на Управниот суд.

По наоѓање на Врховниот суд на Република Македонија, а имајќи ги предвид релевантните параметри, како доминантната позиција на пазарот и наметнувањето нефер продажни цени, однесувањето на мобилниот оператор Т-Мобиле, согласно домашната позитивна законска регулатива, претставува нарушување на ефикасната конкуренцијата. Со тоа што Управниот суд не се впуштил во оценка на активностите на операторите од заподноевропските земји, истиот не го повредил законот на штета на тужителот, бидејќи приложените докази кои се однесуваат на деловната активност на субјекти од други земји, не се од влијание во конкретната правна работа, ниту пак законитоста на нивното работење е предмет на оценка во оваа постапка.

Поради наведените причини, следуваше Врховниот суд на Република Македонија, да одлучи како во изреката на пресудата согласно член 357 од Законот за парничната постапка.

Пресудено во Врховниот суд на Република Македонија на ден 05.07.2010 година под Ужп.бр.245/2010.

Претседател на советот-судија
Киро Здравев с.р.

За точноста на отправокот т в р д и: Секретар

BJ/